**ЗАПИСНИК**
**од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 30.10.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Маја Дамевска, Горан Радуновиќ и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот дневен ред објасни дека Точката 1 „Усвојување на Предлог-записник од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.10.2017 година", ќе се одложи, бидејќи реално во петокот беше седницата и вработените немаа време да го подготват записникот, со оглед дека меѓу двете седници беше викенд. Објасни дека одложениот записник ќе се разгледува пред почетокот на наредната седница како продолжение на 36-та седница. Исто така наведе дека оваа седница беше непланирана и свикана поради запазување на законските временски рокови.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.10.2017 година.
2. Предлог за покренување постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот го одложи Предлог-записникот од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.10.2017 година, за пред почетокот на наредната седница, како продолжение на 36-та седница.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување. Објасни дека до Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, Агенцијата достави фактура за годишен надоместок за вршење радиодифузна дејност, но во законски утврдениот рок, што истече во петокот, радиодифузерот не го плати надоместокот. Нагласи дека овој радиодифузер во изминатите неколку години, во иста ваква процедура, секогаш не го плаќаше надоместокот во законски утврдениот рок и во дополнителните 15 дена кога Советот ќе покренеше постапка за одземање на дозволата, тогаш вршеше уплата на средствата. Ваквата ситуација со Телеканал А1 не се случува првпат.

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи Горан Радуновиќ објасни дека фактурата која е доставена до радиодифузерот е со износ од 287.634,00 денари за период од 17.09.2017 заклучно со 16.09.2018 година. Крајниот рок за уплата на овие средства беше до 27.10.2017 година. Наведе дека Агенцијата има доказ, повратница од Македонска пошта дека фактурата била уредно примена на 28.09.2017 година, а тоа е точно 30-от ден од приемот на фактурата, односно законски рок за започнување на постапка.

Г-дин Петрушевски рече дека како и за другите радиодифузери претходно, така Советот ќе постапи и за овој радиодифузер, затоа што секогаш Законот доследно го почитуваат и постапката ќе се започне денес. Се изјасни дека тоа е негов став, а верува дека е став и на останатите членови на Советот.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-419 од 30.10.2017 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, бр.08-1052 од 29.09.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-4795/1 од 30.10.2017 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, бр.08-1052 од 29.09.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17).

Точка 3

Разно

Немаше точки под Разно.

Бр. 02-4808/3
07.11.2017 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ